АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр.38, 1000 Скопје
Тел. (02) 3103-400 факс: (02) 3103-401
е-пошта: contact@avmu.mk, веб страница: www.avmu.mk

# ТРИ ПРЕКРШОЧНИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ИЗБОРНО МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ

**Скопје, 13 мај 2016г**. - Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во вториот извештај од мониторингот на медиумското претставување во вестите по распишувањето на изборите, за периодот од 25 април до 4 мај 2016 година, констатира дека ТВ Алфа, ТВ Канал 5 и ТВ Сител, известуваат за активностите на органите на власта во функција на изборно медиумско претставување на ВМРО ДПМНЕ. За констатираните прекршувања се покренати прекршочни постапки.

Агенцијата предупредува дека продолжува непочитувањето на професионалните стандарди и програмски начела, особено за објективно и непристрасно прикажување на настаните и еднаков третман на различни гледишта, за почитување на човечкото достоинство и за поттикнување на духот на толеранција.

Првиот извештај за интервјуата, дебатите и другите информативни програми за периодот од 15 април до 4 мај 2016 година, покажа дека во некои информативни програми има појава на најгруб говор, навреди и клевети кои се надвор од дозволените граници на демократска дебата.

Деталите за резултатите од мониторингот на вестите во вторите 10 дена по распишувањето на изборите и од мониторингот на интервјуата, дебатите и другите информативни емисии од денот на распишување на изборите до 4 мај 2016 година, се содржани во Извештаите објавени на веб страницата на Агенцијата.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
СКОПЈЕ

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА